НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02-110/8
19-04-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 37 - м од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и 275/2019), а во врска со Огласот за вработување на определено време бр.03/2022 до 31.12.2022 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", ВД директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" - Скопје донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на работници на определено време за период до 31.12.2022 година

### Член 1

Од пријавените кандидати по огласот, се врши избор на работници на определено време за период до 31.12.2022 година по следниот редослед :

За **ПШС „Куманово" – Куманово** за работно место **Дотурач** се врши избор на следните кандидати :

1. Илир Бојку

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2022 година за вршење на работите за погоренаведените работни места.

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на објавениот јавен оглас за засновање на работен однос на определено време за период до 31.12.2022 година за погоренаведените работни места распоредени по Подружниците на ЈП „Национални шуми" – Скопје, од пријавените кандидати се донесе одлука да се примат кандидатите кои ги исполнува општите и посебните услови од јавниот оглас, а согласно правото на слободно одлучување од чл. 21 од ЗРО, ВД директорот на ЈП „Национални шуми" - Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена од денот на објавата на огласната табла и на интернет страната на ЈП „Национални шуми" – Скопје, до надлежен орган согласно закон.

**Доставено до :**
-Архива
-Правен сектор
-ПШС
-Агенција за вработување

**ЈП „Национални шуми" Скопје**
**ВД Директор**
**Валентин Груевски**

НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
PYJE KOMBËTARE

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02 - 110/7
19 -04- 2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за од Законот за работни односи (Службен весник на РМ 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 ,129/15, 27/16, 134/16, 120/18 и 110/19), а во врска со Огласот за вработување на определено време бр. 03/2022 до 31.12.2022 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, ВД директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - Скопје донесе:

**О Д Л У К А**
**за неизвршен избор на кандидати по јавен оглас за вработување на определено време до 31.12.2022 година**

1. За пополнување на работно место **Сечач во Подружница ШС „Саланџак“ – Валандово – 1 (еден) извршител**, не се врши избор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за спроведување на постапка за избор на кандидати за вработување на определено време во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми – Скопје, формирана со Решение од директорот на претпријатието , во функција на спроведување на постапката за вработување на определено време по јавниот Оглас 03/2022 објавен на 30.12.2021г, спроведе постапка и според пристигнатите пријави, за горенаведените работни места поделени по Подружници утврди дека пријавените нема кандидат кој се квалификувал за ова работно место.

Врз основа на наведеното, ВД директорот на ЈП „Национални шуми“ - Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена сметано од денот на објавата на огласната табла и на интернет страната на ЈП „Национални шуми" – Скопје, до надлежен орган согласно закон.

**Доставено до :**
-Архива
-Правен сектор
-ПШС
-Агенција за вработување

**ЈП „Национални шуми“ Скопје**
**ВД Директор**
**Валентин Груевски**